РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1354/2
02-06-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 69 - та седница, одржана на 01.06.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1354/1 од 01.03.2022 година, против -----------, редовен професор на ------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за надлежно постапување, бидејќи пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 01.03.2022 година, поднесена е пријава против -----------, редовен професор на -----------, и оформен е предмет со број 09-1354/1 од 01.03.2022 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека лицето -------- од -----------, кој е редовен професор ------------ при универзитетот ----------- исто бил избран за предавач во Академијата за судии и јавни обвинители, и од тој момент се стекнал со статус на избрано лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Понатаму според пријавителот лицето ------------, како службено лице – избран предавач во АСЈО е во состојба да има приватен интерес, бидејќи неговото блиско лице, ------------ од --------, според сознанија на пријавителот, ќе биде примено како слушател на почетна обука по јавниот оглас на Академијата за судии и јавни обвинители.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавеното лице, --------- не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ,

односно се работи за лице кое ангажирано за спроведување на програмите за обука во АСЈН согласно член 43 став 2 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М.- советник
Контролирал: К.З. - раководител
Одобрил: К.Н. – член на ДКСК